МАКЕДОНСКА ТЕНИСКА ФЕДЕРАЦИЈА
Бр. 02-01/2013
02.04 2013 год.
СКОПЈЕ

МАКЕДОНСКА ТЕНИСКА ФЕДЕРАЦИЈА

# ПРАВИЛНИК

## ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ТЕНИСЕРИТЕ

Скопје, Април 2013 година

# СОДРЖИНА

1. ОПШТИ ОДРЕДБИ
2. ЗДРАВСТВЕНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА РЕПРЕЗЕНТАТИВНИТЕ СЕЛЕКЦИИ
3. ОПРЕМА И ИЗВРШИТЕЛИ
4. ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА АКТИВНИТЕ НАТПРЕВАРУВАЧИ
5. МЕДИЦИНСКО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ
6. ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ТЕНИСКИТЕ СУДИИ И ТЕНИСКИТЕ ТРЕНЕРИ
7. ОДГОВОРНОСТ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА
8. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишуваат начинот и условите за вршење на здравствената заштита на тенисерите и останатите учесници на спортските активности начинот на обезбедување и организирање на медицинска помош на тениските натпревари со опрема и извршители и други работи .

**Член 2**

Здравствената заштита на тенисерите ја спроведува Комисијата за здравство при Македонската Тениска Федерација. Комисијата е доброволно тело при МТФ и истата брои 3 члена, состсвена е од Претседател на истата /лекар специјалист/, еден лекар специјалист-член на Комисијата и член на натпреварувачко судискиот Комитет при МТФ.

**Член 3**

Здравствената заштита се однесува за тенисерите и тенисерките кои се натпреваруваат на натпреварите под покровителство на МТФ во сите старосни конкуренции, тренерите и судиите на тениските натпревари, гледачите и останатите присутни на тениските натпревари, како и Здравствено обезбедување на членовите на репрезентативните селекции.

## 2. ЗДРАВСТВЕНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА РЕПРЕЗЕНТАТИВНИТЕ СЕЛЕКЦИИ

**Член 4**

Комисијата за здравствена заштита на МТФ врши надзор врз здравствено обезбедување на сите селекции/професионални и јуниорски/ за време на сите нивни настапи и во подговителниот период, а кои се во надлежност на матичните клубови за кои се регистрирани односно ангажирани.

## 3. ОПРЕМА И ИЗВРШИТЕЛИ

**Член 5**

За извршување на програмските активности на Комисијата потребен е следниов медицински персонал:

- Лекар специјалист кој согласно карактерот на повредата т.е. заболувањето ќе биде ангажиран од комисијата,
- Да имаат посетувано семинари по спортска медицина.

**Член 6**

Опрема која е потребна за реализација на активностите на Комисијата е следнава:

- Комплет за рехабилитација и конзервативен третман на повредените тенисери,
- Комплет торба опремена по стандардите на ИТФ, и
- Друга медицинска опрема во зависност од финансиските можности на МТФ

## 4. ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА АКТИВНИТЕ НАТПРЕВАРУВАЧИ

**Член 7**

Здравствениот надзор на активните натпреварувачите го извршуваат клубовите преку Здравствените институции преку своите специјализирани служби за спортска медицина во Државата, кои ги водат специјалисти по спортска медицина.

Во градовите каде не постојат вакви специјализирани медицински институции, здрастевената контрола на спортситите ќе ја врши лекар- специјалист по општа медицина или лекар-специјалист по внатрешни болести.

**Член 8**

Лекарското уверение тенисерот е должен да го достави во матичниот клуб, и истиот да с внесен во натпреварувачката легитимација на натпреварувачот. Копија од лекарскиот преглед по барање за контрола на лекарското уверение може да изврши делегатот на секој натпреварот пред отпочнување на истиот.

**Член 9**

Секој клуб за активните натпреварувачи е обврзан во текот на годината на секои 6 /шест/ месеци да закаже лекарски преглед. Резултатите од лекарскиот преглед клубот е должен да ги следи. Клубот одговара за здраствената состојба на регистрираните натпреварувачи за време на официјалните турнири од Календарот за натпреварување на МТФ.
Клубовите се должни на секои 6 /шест/ месеци да достават листа со копии од извршени лекарски прегледи на активни натпреварувачи од нивниот клуб до Здраствената комисија на МТФ. За натпреварувачите кои се натпреваруваат на меѓународни турнири, клубовите се должни листите да ги достават најдоцна до 15 Декември тековната година за следните 6 месеци од наредната година и втора листа за истите натпреварувачи да ја достават најдоцна до 15 јуни во тековната година.
Клубовите се должни за активните играчи кои настапуваат на турнирите од Калндарот за натпреварување на МТФ, листите со копиите од извршените лекарски прегледи да ги доставуваат до Здраствената комисија на МТФ пред почетокот на натпреварувачката сезона и втората листа за извршени лекарски прегледи најдоцна до 01 јули во тековната година.
Спортистите кои ќе се активираат во натпреварувачкиот систем на натпревари на МТФ и кои за првпат ќе се појават на турнири, во перидот април- јуни или август-октомври, се должни копија од лекарското уверение заедно со заверен допис од клубот да го достават на Делегатот на турнирот на кој прв пат во тековната година ќе започнат со натпревари.
Секој клуб со испраќање на официјална пријава, по факс или електронска пошта, на адреса на Македонската тениска федерација, одговара за здраствената состојба на пријавените натпреварувачи.

**Член 10**

Натпреварувач кој нема прописно заверен лекарски преглед или нема уредно заверено лекарско уверение нема право на тренинг и на натпревар.

## 5. МЕДИЦИНСКО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ

**Член 11**

Медицинското обезбедување за време на тренинг е обврска на клубот. Клубот може на сопствена сметка да ангажира клубски лекар кој е должен да се грижи за здравственото обезбедување, да ја следи здравствената состојба на играчите особено на болните и повредените.

**Член 12**

Медицинското обезбедување за време на натпревари е обврска на клубот организатор. Заради укажување на медицинска помош клубот обезбедува на своја сметка постојано дежурен лекар. По можност клубот треба да обезбеди и физиотерапевт. Обврска на лекарот е да биде присатен 1 /еден/ час пред почетокот и по завршување на сите предвидени натпревари.
Клубот е во обврска да обезбеди и потребно возило доколку се јави потреба од транспорт на повреден или разболен играч до најблиската специјалистичка медицинска установа.
Дозвола за влегување во терен на дежурниот лекар, физиотерапевд може да даде само главниот судија на натпреварот и судијата на стол.

## 6. ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ТЕНИСКИ СУДИИ И ТЕНИСКИ ТРЕНЕРИ

**Член 13**

Тениските судии се во обврска еднаш во текот на годината да извршат лекарски преглед кај специјалист за очни болести и оториноларинголошки преглед. Резултатот од здравствениот прегледот го доставуваат на здравствената комисија на МТФ која одлучува за способноста на судиите за водење на тениски натпревари.

**Член 14**

Тениските тренери се во обврска еднаш во текот на годината да извршат лекарски преглед кај специјалист за очни болести, оториноларинголошки преглед и психолошки тест. Резултатот од прегледот го доставуваат на здравствената комисија на МТФ која одлучува за способноста на тренерите за водење на тениски тренинзи и водењето на играчите И екипите на натпревари.

Заради сопствена превентива тениските тренери можат да организираат сопствени прегледи и кај други лекари специјалисти.

## 7. ОДГОВОРНОСТ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

**Член 15**

Комисијата за здравствена заштитана тенисерите која работи спротивно на одредбите на овој Правилник, а располага со точни податоци, ќе биде отповикана.

## 8. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 16**

Толкување на овој правиник дава Управниот одбор на МТФ и Комисијата за Здравствена тенисерите.

**Член 17**

Овој Правилник стапува на сила од денот на донесување од Управниот одбор на МТФ.

**МАКЕДОНСКА ТЕНИСКА ФЕДЕРАЦИЈА**
**Претседател,**
**Жарко Луковски**

Скопје, 02.04. 2013 година